UDK: 616.98(495.02)"541/750"

# ЧУМАТА НА ЈУСТИНИЈАН

**Лидија КОВАЧЕВА**
д-р по Класични науки, Универзитет „Евро Балкан" – Скопје
E-mail: kovachevalidija@gmail.com

**Апстракт:**
Чумата која се појавила и сеела страв меѓу народот во византискиот период е позната под името „Чумата на Јустинијан", т.н. според времето на нејзиното појавување за времето на владеење на императорот Јустинијан I. Од вкупно 210 години од нејзиното егзистирање (541-750), се појавиле околу 18 епидемии на чума; просечно таа се појавувала на секои 11,6 години, сѐ до нејзиното конечно исчезнување од територијата на Југоисточна Европа во 748-750 година. Симптомите на заболувањето од „Чумата на Јустинијан" ги дознаваме од историографските записи на Прокопиј, опишани како треска проследена со гнојни меури на препоните, пазувите и на вратот под ушите. Во црковната историја од страна на Јован, епископ Ефески, се запишани психолошките, економските и социјалните ефекти кои чумата ги предизвикала кај луѓето кои битисувале во тој историски период. Појавата на чума во голема мера влијаела врз културата на живеење во византискиот период и тоа поради голем број човечки жртви што довело до депопулацијата на населението, кога најпогодените места во одредени области останале разурнати, пусти и ненаселени. Според Центарот за контрола и превенција на болести, во време кога популацијата на почвата на Европа не била многубројна, чумата на Јустинијан одзела 25 милиони човечки животи на Европскиот континент, па оттаму целта на овој труд е да се даде увид во катастрофите и страдањата кои ги доживеале луѓето на европската почва во времето на византискиот период, поточно за време на појавата на Чумата на Јустинијан.

***Клучни зборови***: *Јустинијан, чума, Yersinia pestis, Прокопиј, Епископ Јован Ефески.*

Twelfth International Scientific Conference
SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD
Faculty of Law, Goce Delcev - Stip

# THE PLAGUE OF JUSTINIAN

**Lidija KOVACHEVA**
PhD in Classical Sciences, Euro Balkan University – Skopje
kovachevalidija@gmail.com

**Abstract:**
The plague emerging and terrorizing the people during the Byzantine period was known as „The plague of Justinian", i.e. according to its outbreak during the reign of the Byzantine Emperor Justinian I. During its recurrence of 210 years in total (541-750), there were approx. 18 plague pandemics; or on average it reappeared in waves on every 11,6 years, until it disappeared entirely from the territory of South-eastern Europe in 748-750. According to historical sources, Procopius offers many insights into the causes and symptoms of the „plague of Justinian" describing victims as suffering from fevers and swellings in the groin, armpits, and behind their ears. John of Ephesus, a church historian and Christian bishop, wrote about the plague and its social, economic and psychological impact on people living during this historical period. The plague outbreak had a major impact on the culture of living in the Byzantine period due to the massive number of deaths that resulted with decrease in the population, as the most densely populated areas were left devastated, empty and depopulated. According to the Centre for Disease Prevention and Control the plague of Justinian claimed the lives of 25 millions of people in Europe, or nearly one-third of the entire population of the European continent, therefore the purpose of this paper is to provide an insight into the catastrophes and terror people have suffered in Europe during the Byzantine period i.e. during the outbreak of the plague of Justinian.

***Keywords***: *Justinian, plague, Yersinia pestis, Procopius, Bishop John of Ephesus.*

## Вовед

Светската историја сведочи за големиот број епидемии и пандемии уште од најраното постоење на човештвото, за милионите смртни случаи на заболени, што довело и до преполовување на населението на континентите. Социјалните и економските катастрофи за време на пандемиите биле неминовни и станале причина за редефинирање на начинот на живот и културните вредности на луѓето кои живееле во тоа време. Ефектите кои последователно се јавувале за време, на и по пандемиите, од антиката, преку византискиот период и средновековието, па сè до денес, ја одбележуваат изградбата на новата историја. (Ковачева, 2025, стр. 10) Во однос на дефинирањето на поимите, терминот епидемија се однесува на зголемувањето на бројот на заболени над очекуваното кај одредена популација во одредена област, избегнувајќи ја можноста за социо-санитарна контрола (De Rezende, 1998, стр. 27). Под терминот пандемија се подразбира заразна болест која напаѓа еден народ или место, а потем многу брзо се проширува на голем географски простор (Вујаклија, 1975, 671). Пандемиите забележани во историјата се сметаат за вистински кризи кои довеле до уништување на различни контексти на човештвото и според Еспарза (Esparza, 2016, стр. 231-235), „некои од пандемиите се причина за смртта на повеќе луѓе, отколку жртвите во двете светски војни."

Брзото и лесно ширење на чумата, поради навремено препознавање и третман на оваа болест која многу брзо доведува до смрт и предизвикува голема опасност по јавното здравје, неминовно доведува до воведување на карантини. Практиката на карантин започнала во 1403 година, кога бродот кој пристигнал со патници од Левант во Источниот Медитеран бил изолиран четириесет дена за да може да се види дали е некој здрав, заразен или ќе почине од болеста чума. Имено, во средновековието прв град кој воспоставил поинакви јавно-здравствени контроли била Венеција, која во напливот на уште една епидемија на Црната смрт во 1374 година започнала првин со изолирање на заболените луѓе од здравите, а потоа и со забранување на бродовите да влезат во пристаништето на градот. Во Република Рагуза, денешен Дубровник, во 1377 година, на Јадранското Море, далеку од пристаништата и од градот, се изградиле постојки каде се

укотвувале бродовите кои потоа се упатувале кон Венеција. За да се тргне сомнежот дали на бродот има заразени од чума или не, бродовите на таа постојка стоеле триесет дена, *trentena*. Но, овој период од триесет дена се покажал како кус и не доволен, па поради тоа бродовите ги ставале во изолација четириесет дена, *quarantena* или *quaranta giorni*, па оттаму е извлечен терминот карантин (Frith, 2012, стр. 14).

Поради големата смртност која се јавува благодарение на брзото и лесно ширење, заразната болест чума претставува идеално оружје за биовојување, со голема опасност по јавното здравје, со неминовни фатални последици не само во однос на човечки жртви, туку потенцијално, би довело до широко распространети економски опустошувања на глобално ниво (Ansari at al., 2020, 2(1):10–22). Историјата сведочи за искористувањето на оваа болест како биолошко оружје. Како една од првите употреби на биолошки агенси од чумата во воени цели е забележана во 1346 година, кога Татарите со помош на катапулт исфрлале човечки трупови заразени од чума на морското пристаниште Кафа, кое било контролирано од страна на Џенова. Забележана е и употреба на биолошки агенси од чумата како биолошко оружје во 1940 година за време на Втората Светска Војна. Царската Јапонска единица 731 развила биолошко оружје во Кина и Манџурија и на 27-ми октомври 1940 година, јапонски воени авиони фрлиле ориз со болви контаминирани со чума во Чухсиен, Кина, што довело до појава на пневмонична чума со катастрофални последици (Glatter & Finkelman, 2020, стр. 179). Согласно проценките на Светската Здравствена Организација (СЗО), доволни се само 50 кг од бактеријата *Yersinia pestis* во аеросолизирана форма да се ослободат над некој поголем град. Бактериите остануваат одржливи до 1 час на растојание до 10 км од точката на паѓање (Glatter & Finkelman, 2020, стр. 179), што е и премногу од доволно да се предизвика широко распространета смрт и уништување на човештвото.

## 1. Медицински осврт на чумата

Чумата или медицински позната како бактерија *Yersinia pestis* е заразна бактериолошка болест и доколку навремено не се третира, смртноста се движи околу 50% кај пациенти заболени од бубонска чума, а до 100% кај заболени со белодробна или пневмонична и септикемична чума. Имено, примарниот вектор за пренос на бактеријата *Yersinia pestis* е болвата *Xenopsylla cheopis*, но се смета дека приближно 80 видови болви, исто така, можат да ја пренесат оваа бактерија, бидејќи можат да преживеат и во житни растенија или заразена облека (Glatter & Finkelman, 2020, стр. 177). Епидемијата, како и пандемијата од заразната болест чума, на луѓето се пренесува со каснување од страна на Ориентална или Индиска болва од стаорец *Xenopsylla cheopis* и Северна или Европска болва од стаорец, *Nosopsyllus fasciatus*. Како секундарни преносни вектори на заразата се сметаат човечката болва *Pulex irritans* и болвите од кучиња и мачки *Ctenocephalides canis* и *felis* (Frith, 2012, стр. 12). Присуството на болвите на стаорците, но и нивното присуство во разната трговска стока, како на пример во оризот и пченицата, на облеката и др., кои ги пренесувале луѓето кои патувале долж трговските патишта и по море и по копно, се најголемите причинители на брзото ширење на заразата на големи географски растојанија, која многу лесно и брзо од епидемија преминувала во пандемија. Основата на создавањето на епидемија се болвите, кои многу брзо и плодно се размножуваат на нивниот домаќин, а кога домаќинот ќе почине, тие веднаш го напуштаат неговото мртво тело и се населуваат на телата на нови домаќини (Frith, 2012, стр. 12). Со поновите медицински истражувања, констатирано е дека повеќе од 280 видови цицачи можат да послужат како преносители на заразени болви со бактеријата *Yersinia pestis* (Glatter & Finkelman, 2020, стр. 177).

Чумата, предизвикана од бактеријата *Yersinia pestis,* е многу сериозно заразно заболување кое заразува, заболува и убива многу луѓе ширум светот, доколку се лекува предоцна. Поради незабележливите и неспецифичните симптоми кои се јавуваат на почетокот на болеста, слични на грип, а кои брзо и лесно се шират меѓу населението, чумата како болест на почетокот е многу нејасна и тешко се детектира, но вирусот може да се идентификува во крвта по инкубација од 24 до 48 часа. Може да се пренесе на различни начини и во зависност од патот на пренесување, да предизвика различни клинички слики. Постојат три главни клинички

форми на чума предизвикани од бактеријата *Yersinia pestis*, (*CDC*-http://emergency.cdc.gov/agent/agentlist-category.asp), кои се разликуваат врз основа на симптомите, а тие се:

*Бубонска чума* - се развива по каснувањето од болва заразена со бактеријата *Yersinia pestis,* преку којашто се носат бактериите под кожата на следниот домаќин, човекот. Како средни домаќини, болвите го внесуваат патогенот со крвта од заразените глодари (на пр. стаорци) и го ослободуваат назад во крвотокот на човекот со следниот залак. Во период од 3 и 7 дена по изложувањето на бактеријата, заразените лица ненадејно развиваат високи температури и трески (> 39,4°C), ужасни главоболки и огромни болки во екстремитетите и стомакот. Бактериите многу брзо се репродуцираат во лимфните јазли, лоцирани најблиску до местата на каснувањата на болвите. Тоа доведува до појава на инфекција во форма на големи гнојни апсцеси и болни отоци, т.н. „бубо", во препоните и лимфните јазли, кои можат да се зголемат до големина на јајце или до 10 cм (Glatter & Finkelman, 2020, стр. 178). Самиот назив „бубо" доаѓа од латинскиот збор *bubo* – што значи „препони", како и од грчкиот збор *boubon* кој значи „оток во препони" (Frith, 2012, стр. 11). Болеста е фатална за околу 60% од нелекуваните, кои умираат во рок од 1 недела од изложувањето на бактеријата *Yersinia pestis* (Glatter & Finkelman, 2020, стр. 178).

*Септикемична чума* е поретката форма и се јавува само кај 10%-15% од заболените случаи. Заболувањето се јавува кога бактериите се размножуваат во крвта, што доведува до труење на крвта (септикемија), без видливо воспаление на лимфните јазли (бубо) (*CDC*-http://emergency.cdc.gov/agent/agentlist-category.asp), често предизвикувајќи дисеминирана интраваскуларна коагулација и гангрена на екстремитетите, ушите или носот (Glatter & Finkelman, 2020, стр. 178). Појавата на септикемична чума е предизвикана од токсините коишто ги ослободува бактеријата *Yersinia pestis* кои умираат. Септикемичната чума има слични симптоми со оние на бубонската чума. Покрај овие симптоми, може да се појави исцрпеност, колапс на циркулација, септичен шок, откажување на органи, крвавење, некроза на екстремитети и нарушување на коагулација на крвта кое може да предизвика кожата на заболениот да стане темно виолетова, од каде што, впрочем, потекнува и терминот „црна смрт" (*CDC*-http://emergency.cdc.gov/agent/agentlist-category.asp). Овој тип на чума, без навремени медицински лекови и третман, е секогаш фатална и завршува со смрт на заболениот.

*Белодробна или пневмонична чума* е редок синдром предизвикан од ширењето на бубонската чума. Покрај ширењето на болеста преку крвотокот, претставува единствената форма со пренос на зараза од човек на човек, за разлика од бубонската и септикемичната чума, чија зараза се шири исклучиво преку крв. Белодробна или пневмонична чума се шири преку вдишување на заразни аеросолизирани капки крв или плунка од заразени лица, па дури и од заразени мачки и брзо доведува до хемоптиза и смрт на заразениот. Белодробната или пневмоничната чума е најтешката форма на чума (*CDC*-http://emergency.cdc.gov/agent/agentlist-category.asp). Симптомите се како и оние на септикемичната чума. Првично се јавуваат неспецифични симптоми, слични на грип, со ненадејна појава на висока температура и треска и тоа во рок од 4 дена по изложувањето на чумата. Потоа се јавуваат потешкотии со дишење, кашлање и болка во градите, состојба која брзо напредува до гнојна, пенлива или на крајот крвава кашлица со многу заразни аеросолизирани капки од крв или плунка, која може да доведе до респираторна слабост и шок со фатални последици. Белодробната или пневмоничната чума, без медицински лекови и третман, е фатална и секогаш завршува со смрт на заболениот (Glatter & Finkelman, 2020, стр. 178).

Иако денес се смета дека чумата може да биде лекувана со антибиотска терапија, благодарение на откривањето на пеницилинот во 1928 година од страна на Александар Флеминг (1881-1955) (Sefton, 2001, стр. 592-596), таа сепак во 8-10% од случаите завршува со смрт. До денес, сè уште нема вакцина која штити од чума.

## 2. Потеклото, појавата и ширењето на чумата на Јустинијан

Во времето на Јустинијан, клиничката форма на чума која се појавила била бубонската чума. Оваа болест, која повеќе од двесте години сеела страв меѓу народот во византискиот период е позната под името „Чумата на Јустинијан", а така била наречена според времето на нејзиното појавување за времето на владеење на императорот Јустинијан I. (Ковачева, 2019, стр.

494). Во научниот свет е наречена и уште „Прва пандемија на чума“ за да се разликува од „Втората пандемија на чума“ позната и како „Црна смрт“ која се појавила во XIV век и од „Третата пандемија на чума“ која се случила во XIX век (Constantin & Caluian, 2021, 45).

Одговорите за причините за потеклото и појавата на чумата во времето на Јустинијан, народот, од една страна, ги наоѓал во суеверието, како што бил случајот со уривањето на светилиштето на Изида во Египет. Имено, во борбата против паганството и искоренувањето на последните остатоци од класичниот свет во Византиската Империја, Јустинијан во 540 година наредил да се уништи светилиштето на Изида, во Филае во јужен Египет, која според Плутарх го научила човештвото како да се лечат болестите (Procopius, *De bello persico,* I, xix, 35). Една година по уривањето на светилиштето на Изида, во 541 година во Египет се појавила епидемија на бубонска чума, најпрвин во Пелусиум, мал град на крајниот источен дел од устието на реката Нил (Sarris, 2020, стр. 169). Ширењето на чумата во Египет се должело на нилскиот стаорец од Египет, *Arvicanthis niloticus*, кој бил заразен со бактеријата *Yersinia pestis.* Заразениот стаорец за време на поплавите и излевањето на Нил, преку водите низ речното корито бил пренесуван во житниците и домовите на населението кое живеело долж крајбрежјето и на тој начин ја ширел епидемијата на чума. Глушецот, како симбол на чумата е посведочен и кај Херодот (Herodotus 1:447 -2), што јасно упатува дека Египќаните многу добро знаеле кој ја пренесува оваа болест кај населението, исто како симболиката и значењето кое го имал кај Хомер во Илијада (Хомер, Илијада, 1. 39). Чумата од Пелусиум, преку Нил се проширила во Александрија, потем во остатокот од Египет и Палестина (Sarris, 2020, стр. 169), а оттаму на европската почва. Појавата на чумата меѓу Египќаните довела до мнение дека е Божја казна поради уривањето на светилиштето на најпочитуваната египетска божица Изида, за која сведочат редовите напишани во натписот во Филае: „Моќна, прва од божиците. Владетелка на небото, Кралица на земјата... Сите богови се под нејзина заповед.“ (Wilkinson, 2003, 146).

Од друга страна, појавата на Чумата на Јустинијан одредени автори од научниот свет ја поврзуваат со појавите на бројни природни феномени кои и претходеле, а кои се случувале во првата половин на VI век (Little, 2007, стр. 100). Се издвојува истражувањето на Зајбел (Seibel, 1857, стр. 2), кој во 1857 година ги истражувал феномените за појавите на комети, поплави, земјотреси во тој период и причинско-последично ги поврзал со појавата на чумата. Кејс причината за појавата на Чумата на Јустинијан ја припишал на невообичаен атмосферски феномен што се случил во 536 година, кога се случило затемнување на Сонцето кое траело околу една година до осумнаесет месеци, па овој настан го нарекол „превез од прашина“. Но, тука се јавил спор меѓу научната фела. Од една страна, како причина за појавата на „превезот од прашина“, Кејс ја посочил големата вулканска ерупција на јужната хемисфера (Keys, 1999, стр. 251–95), додека, пак, од друга страна, според Бејли причината била ударот на огромна комета на европската почва кој се случил кон крајот на 530 година, што довело до уништување на посевите низ средоземноморските земји и миграција на луѓето во потрага по храна во други земји, а со нив по потрага по храна оделе и глодарите кои со себе ја носеле и чумата (Baillie, 2000, стр. 125–36, 181–99, 205–18).

Првиот официјален документиран запис за напливот на чума во Византиската Империја го дал лично императорот Јустинијан во својата Новела 122 *(CIC* - Novella 122, 3:592–93), каде изјавил дека пустошот од чума завршил. Но, епидемијата на чума продолжила да се појавува, така што од вкупно 210 години за време на нејзиното егзистирање (541-750), се појавиле околу осумнаесет епидемии на чума. Во просек таа се појавувала на секои 11,6 години, сѐ до нејзиното конечно исчезнување во 748-750 година од територијата на Југоисточна Европа и нејзиното повторно враќање на Ориентот, во Ирак, Сирија и Месопотамија (Little, 2007, стр. 102-105).

По избувнувањето на чумата во Пелусиум во средината на летото 541 година, таа продолжила да се шири во две насоки, во Египет и на Северноафриканскиот брег и Палестина, додека во Константинопол пристигнала во средината на летото во 542 година и истата година продолжила да се шири кон Мала Азија (Little, 2007, стр. 101). Истата година се појавила и во Антиохија, Илирик, Африка и Шпанија. Во 543 година потврдено е нејзиното присуство во Сицилија и Рим, при што ги опфатила Атропатина, Италија и Галија, а својот дострел го проширила и до Британските острови (Sarris, 2020, стр. 169-170).

Вториот бран на бубонска чума избувнал во Константинопол, во периодот од февруари до јули 558 година. Третиот бран ги пустошел Италија и Галија во 571 година, а нејзиното присуство е потврдено и во Константинопол, во 573-574 година. Следниот, четврт наплив на болеста чума се случил во 590-591 година, кога Рим бил погоден во првите месеци од 591 година, а Антиохија во 592 година. Потоа на удар биле Равена, Градо и Истра во 591-592 година. Петтиот бран на пандемијата чума избувнал во Солун, летото 597 година и оттаму, до пролетта 598 година, болеста била пренесена на Аварска територија, денешна Турција. Оттаму во 599 година бранот се проширил кон Источниот Медитеран, Сирија, Константинопол, Витинија и Мала Азија; во текот на 599–600 година пристигнал во Северна Африка и Италија напаѓајќи ги Равена и Верона во 600–601 година. Информациите за новиот шести бран датиран околу 618–619 година што го погодил Константинопол во времето на царот Ираклиј не се доволно јасни, но присуство на чума е потврдено во записите во Александрија пред нејзиното заземање од страна на Персијците во 619 година (Little, 2007, стр. 102-103).

По 628 година се јавува речиси целосно отсуство на регистрирани епидемии на чума во рамки на Византиската Империја. Литл (Little, 2007, стр. 104-105) презентира хронолошка реконструкција на брановите на чума:

седмиот бран се случил во текот на 626–628 година, а ги опфатил териториите на Палестина, Персија и Северна Кина;

осмиот во 639 година во Сирија, Ирак и Палестина;

деветтиот во текот на 669–673 година во Ирак, Египет и Палестина;

десеттиот во 680 година во Рим и Павија;

единаесеттиот во текот на 683–687 во Ирак, Египет и Сирија;

дванаесеттиот во текот на 698–700 во Сирија и Ирак, од каде преку море во 698 година стигнал во Константинопол и четири месеци го пустошел градот;

тринаесеттиот бран се случил во периодот од 704–706 година на територијата на Сирија и Ирак;

четиринаесеттиот во периодот од 713–715 година во Сирија и Египет;

петнаесеттиот во период од 718–719 година во Ирак и Сирија;

шеснаесеттиот во 724–726 година во Египет, Сирија и Месопотамија;

седумнаесеттиот во 732–735 година во Сирија, Египет, Палестина, Ирак и Мала Азија;

последниот, осумнаесеттиот бран се случил во 743–744 година кога опустошувајќи ги Египет и Северна Африка преминал во Сирија, Месопотамија и Ирак. Потем преку движењето на византиската војска на Егејските острови и на територијата на јужна Грција, следната, 745–746 година, се пренела и избувнала во Рим, Калабрија и Сицилија. До Константинопол пристигнала во средината на пролетта 747 година, каде пустошела и беснеела една година. Во периодот од 748–750 година се вратила на Ориентот, во Ирак, Сирија и Месопотамија.

Чумата на Јустинијан во научниот свет е перципирана на два начина: рационален и метафизички начин. Рационалниот ја прикажува историографската моќ на Чумата на Јустинијан вклучувајќи три клучни карактеристики: обемна хронологија во временски дијапазон од два века; морталитет кој достигнува до катастрофален број на човечки жртви и географска карактеристика во глобални, т.е. светски рамки. Во метафизичкиот пристап кој ги опфаќа највлијателните текстови на византиската култура, чумите се израз на божествена казна и/или одмазда поради сторениот индивидуален или колективен човечки грев и/или престап, кој го предизвикал праведниот божествен гнев во форма на чума (Little, 2007, стр. 106). Па дури и во „Анегдотата" на Прокопиј (Procopius, HA 18.36ff, pp. 118ff), единствен кој бил одговорен за појавата на чумата бил Јустинијан, кој бил наречен „господар на демоните", најверојатно поради законите и мерките кои ги носел во текот на своето владеење.

Имено, Јустинијан донесувал закони поврзани со присуството на чумата против оние групи кои ги сметал за хетеродоксни (Евреи, Самарјани, еретици и пагани) и хомосексуалци. Долго пред појавата на чумата во 529 година, паганите ги гонел, затворал и мачел, (Theophanes, *Chronographia* AM 6022, стр. 180), а во март 545 година издал правен текст (*CIC*, 3:654–64), со строги ограничувања со кои на еретиците им се забранувала продажба или изнајмување на земјиште во сопственост на црквата (Евреи, Самарјани, пагани, монтанисти и Аријанци). По катастрофата од чума која се случила во Константинопол од февруари до јули во 558 година,

Јустинијан една година подоцна, во 559 година, издал декрет против хомосексуалците (*CIC*, 3:703–4), кој го упатил до жителите на градот:

„Сите се молиме за Господовата милост и добродетелство, пред сѐ сега кога го разбеснивме на многу начини поради мноштвото наши гревови; тој ни се закани и ни покажа колку вредиме поради нашите гревови, но ни се смилува и го одложи својот гнев чекајќи го нашето покајание, бидејќи тој не ја посакува смртта на нас, грешниците, туку исправка и живот".

Во тој период, како што се зголемувала бројката на смртни случаи, реакциите на луѓето за чумата се здобиле со метафизичко-есхатолошки пристап. Сметале дека причината за инфицирање со болеста се демонските визии, па поради тоа барале засолниште во црквите и ги отфрлале визиите со изговарање имиња на светци, барајќи од нив спас од болеста. Па дури големиот број на откриени археолошки наоди на амајлии и талисмани од тој период говорат за големата популарност кај народот која ја имале поради вербата во нивната апотропејска моќ да ги протераат демоните и да ги заштитат од чумата (Little, 2007, стр. 112).

Последиците од пандемијата на чума на Средоземноморјето и нејзиното деструктивно влијание во текот на два века биле застрашувачки и неминовно довеле до значајни историски, демографски, политички, социјални, економски и културни промени. Големиот број човечки жртви придонеле до заслабнување на Византиската Империја, нарушување на трговијата, а со тоа и заслабување на економијата, што пак придонело до поделба на Западна Европа и подем на исламот.

**3. Чумата во записите на Прокопиј**

Согласно записите на Прокопиј (Procopius, BP 2.22.6, стр. 250), бубонската чума која ја зафатила Византиската Империја потекнува од Пелусиум во 541 година, мало место лоцирано на крајната источна гранка од устието на реката Нил и оттаму се проширила во Александрија, потем во остатокот од Египет и во Палестина, а преку инфицираните глувци, во април 542 година, со бродови била пренесена во Константинопол.

Од историографските записи на Прокопиј (Procopius, BP 2.22.17, 252), ги дознаваме симптомите на заболувањето од чума: треска проследена со гнојни меури на препоните, пазувите и на вратот под ушите. Тој наведува дека некои лекари прв пат се сретнале со чумата и се обиделе рационално да ја испитаат нејзината патологија, на според нив новата болест и тоа „во духот на античката Хипократова традиција". При испитувањата вршеле обдукции на телата и ги разгледувале гнојните кеси на лимфните жлезди, со образложение дека „лошиот воздух" кој се ширел околу заразените кои дошле од Истокот, произлегува од мочуриштата, согласно античките искуства за маларија (Procopius, BP 2.22.17, 29, 252, 254). Но, континуираната акутна треска со ненадеен почеток, проследена со дијареја, главоболки, халуцинации, кома или делириум, краткиот период на инкубацијата и времетраењето на болеста, зголемените шанси за преживување во случај на гноење и прскање на гнојните меури, како и долгорочните доживотни последици на преживеаните, како што се исушени екстремитети и јазици, слепило итн., довеле до мнение дека не постои сомнеж дека чумата на Јустинијан е предизвикана од бактеријата *Yersinia pestis* (Little, 2007, стр. 237-238).

Поради енормната смртност кај населението, отстранувањето на труповите во Константинопол било приоритет, од кое било друго населено место во Византиската Империја. Од заболените, први умирале сиромашните, а нивните тела без никакви почести и пристојни погреби биле фрлани на улиците. Нафрлените трупови едни врз други биле собирани од улиците и носени со помош на колички, носилки или штици надвор од градот или до брегот на морето, каде биле или погребувани во заеднички гробници или пак биле натоварени на бродови и носени до некој теснец или на спротивниот брег, а тамо биле фрлени како смет (Morony, 2007, стр. 71). Бидејќи, доколку труповите навремено не се закопаат, стануваат гнили и се распаѓаат, секој од сопствената куќа морал да ги извади надвор, на улиците, пред порти. Но, бидејќи немало доволно носилки, труповите се натрупувале по улиците, а лошата миризба станувала сѐ потешка и сѐ повеќе продорна.

Во записите на Прокопиј (Procopius, PW 2.23.6–11, 466–69), е заведено дека императорот Јустинијан наредил да се направат 600 носилки, а за спроведување на задачата го назначил Теодор, неговиот *referendarius*. Му наредил да земе злато и да ангажира луѓе за копање на нови

големи јами, како и за откопување на туѓи гробови без разлика кој ги поседувал, за внатре да ги ставаат телата на починатите. Теодор, со помош на златото ги мотивирал копачите на јамите и носачите на трупови. Па дури и ангажирал луѓе кои ќе регрутираат нови носачи на трупови, на кои за секој товар им се плаќало, првин по пет или шест динари, а потоа до седум или десет динари. На тој начин Јустинијан успеал да го исчисти Константинопол од заразените трупови со чума (Morony, 2007, стр. 74-75).

**4. Записите за чумата во црковната историја на Јован, епископ Ефески**

Покрај записите на Прокопиј и во црковната историја се запишани катастрофите и страдањата кои ги доживеале луѓето на европската почва во времето на византискиот период, поточно за времето на појавата на Чумата на Јустинијан. Во црковната историја на Јован, епископ Ефески, се запишани првичните информации за почетниот обем на појавата на епидемијата на бубонска чума во времето на Јустинијан (541–543), преминувањето од епидемија во пандемија согласно географското ширење на болеста на европската почва, хронологијата на подоцнежните избувнувања кои временски траеле од 541 до 749 година, степенот на смртноста кај луѓето и појавата на болеста кај животните, начинот и методите на отстранувањето на труповите, како и психолошките, економските и социјалните ефекти кои чумата ги предизвикала кај луѓето во тој историски период.

Епископот Јован Ефески (489–578/9) бил роден во Амида (Дијарбакр), северна Месопотамија. Бидејќи бил во Палестина кога пристигнала чумата, а оттаму отпатувал за Константинопол, се јавува како очевидец на патот на движењето на чумата. Неговите сведоштва за оваа болест се заведени во сириски текст, објавен во вториот том на *Anecdota Syriaca* ( *Anecdota Syriaca*, 2:304–25). Текстот се повикувал на сведоштвата за чумата на Јован Ефески од Азија, кој не претерувал кога кажал дека оваа чума или зло го погодила целиот свет (*Anecdota Syriaca*, 2:304). Текстуалните записи за сведоштвата на Јован Ефески за појавата, ширењето и последиците од чумата во голема мера биле репродуцирани од страна на Зукнин, монашкиот автор на *Летописот*, а завршени во манастирот Зукнин во близина на Амида во 775 година (Morony, 2007, стр. 59-60)

Имено, Јован од Ефес дал детални описи на симптомите, патологијата и ефектите на болеста кај луѓето, кои ненадејно без да манифестираат никакви симптоми, колабирале и се струполувале на улиците, пристаништата, во црквите, пазарите или во своите домови и вели, додека некој човек одел, ја отворил устата и паднал мртов на земја. Раскажува за трупови на заразените покојници со очи загледани во некоја точка, усти ширум отворени, раце испружени нагоре, отечени стомаци кои се распукувале на улиците, а од нив течел гној како вода. Прикажува трупови на жени во нивните домови, поставени во седечка положба со отечени и широко отворени усти. Ги опишува болните отоци на препоните, пазувите и вратот кои испуштале гној, крв и вода. Вели, ако длабоко на дланката на заболениот се појават три црни дамки, тој умирал во рок од неколку часа, а ако препоните на заболените биле со длабоки апсцеси полни со течност, кои пукале и ноќе и дење, испуштале крв, гној и вода, тогаш заболениот можел да преживее. Раскажува за заболени луѓе кои се тетеравеле низ куќите, по улиците и светилиштата, умирале во страшни болки, а нивните тела биле оставени на улиците без никој да ги закопа. Говори дека оние кои ја преживеале болеста, страдале од постојан премор и исцрпување во времетраење од еден, два, пет или шест месеци и до една година, некои пак до две, а повеќето од нив никогаш целосно не закрепнале (Morony, 2007, стр. 69-71).

Епископот Јован од Ефес, за траорните и стравотните слики на погребните јами кои ги нарекол „смртоносна, деструктивна и горчлива преса за вино" (Morony, 2007, стр. 75), во својата *Anecdota Syriaca* ни раскажува:

*„Мажите и жените беа газени, а во*
*просторот меѓу нив беа младите и доенчињата*
*натиснати, газени со стапалата и гмечени*
*долу како расипано грозје. . . Оние кои*
*ги газеа трупови стоеја и штом*

*ќе се положи маж или жена, млад човек или*
*доенче, ги газеа со нозете да ги*
*изгмечат и израмнат за да се направи место за*
*другите.“* (*Anecdota Syriaca*, 2:324)

Јован од Ефес говорел и за неподносливата остра и лоша миризба која се ширела од секаде и насекаде (Morony, 2007, стр. 70). Теоријата за затруен воздух предизвикан од продорна непријатна миризба, како постулат на заразни болести и епидемии, била застапена од антиката до XIX век, кога медицинското знаење своето објаснување за заразните болести го засновало на мијазматската теорија (мијазма – теорија за болести и епидемии предизвикани од затруен воздух) (Bramanti, B. et al., 2016, стр. 7). Имено, тие сметале дека мијазмата содржи опасни честички настанати од распаднати биолошки материи, кои под посебни климатски и астролошки услови се ширеле со помош на ветровите. Така пренесениот затруен воздух преку отворените пори на кожата навлегувал во човечкото тело и кај човекот предизвикувал заразни болести, вклучително и чума. Во согласност со тогашното медицинското знаење, се преземале повеќе мерки против ширењето на чумата, како на пр., се палеле облеката и предметите на заразените, се затворале јавните бањи, биле забранети големи собири, а во текот на средновековието за прв пат бил воведен и карантин (Bramanti, B. et al., 2016, стр. 7-8).

Врз културата на живеење во византискиот период, влијаела и депопулацијата на населението, кое поради болеста чума во голема мера било намалено, а најпогодените места во одредени области останале разурнати, испразнети, пусти и ненаселени. Согласно раскажувањата на Епископот Јован Ефески, во првиот бран на болеста во Константинопол, првите заболени кои впрочем и први починале, биле сиромашните и тоа дури помеѓу 5.000, 7.000, 12.000 и до 16.000 тела биле отстранувани во текот на само еден ден. Тој раскажувал дека на почетокот на болеста, оние луѓе кои биле стационирани на пристаништата, биле задолжени за броење на телата на починатите. Но, кога тие броејќи ја достигнале бројката над 230.000 починати, тогаш сфатиле дека нивниот број е многу поголем, дека има безброј трупови чиј број постојано се зголемувал во енормни количини, па се откажале од броењето (Morony, 2007, стр. 72-73).

Според Центарот за контрола и превенција на болести, во време кога популацијата на почвата на Европа не била многубројна, чумата на Јустинијан одзела 25 милиони човечки животи на Европскиот континент (*CDC* - https://www.cdc.gov/plague/history/index.html).

**Заклучок**

Брзото ширење на чумата меѓу луѓето укажува дека оваа инфективна болест не познава ниту социјални, ниту расни, ниту пак географски граници, за што сведочат трите најголеми пандемии на чума во историјата на човештвото, кои се од различно географско потекло и различни патеки на ширење. Дека ниту македонскиот народ не бил имун на оваа болест, сведочат разни преданија и верувања за потеклото на чумата, меѓу кои и следново: „Кога Господ ја создал Земјата, луѓето биле многу лоши, па затоа тој ја направил чумата за да го исчисти светот од нив.“ Но, Харалампиј успеал да ја собори и да ја победи оваа болест, а со тоа да го победи и ѓаволот, кој бил олицетворение на чумата. Оттаму, македонскиот народ, со цел да ја смилостиви и изгони чумата на 23/10.II. го празнува македонскиот религиски празник Св. Аралампие (Харалампиј), познат и како Чуминден, а неговиот лик во христијанските цркви е претставен како ја држи чумата во синџири, ја тепа и ја мачи.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**

Ansari, I., Grier, G. & Byers, M. (2020). *Deliberate release: plague-a review*. Biosaf Biosecur: 2(1):10–22. doi.org/10.1016/j.jobb.2020.02. 001.3.

Baillie, M. (2000). *Exodus to Arthur. Catastrophic Encounters with Comets.* 2nd ed. London: B.T. Batsford.

Bramanti, B. et all (2016). *Plague: A Disease Which Changed the Path of Human Civilization*. Chapter in Advances in Experimental Medicine and Biology.

Вујаклија, М. (1975). *Лексикон страних речи и израза.* Београд: Просвета.

Glatter, K. A. & Finkelman, P. (2021). H*istory of the Plague: An Ancient Pandemic for the Age of COVID-19*. The Amerikan Journal of Medicine, Gratz College, Melrose Park, Pennsylvania, Vol 134, No 2, 2021 February,0002-9343/©2020Elsevier Inc. doi.org/10.1016/j.amjmed.2020.08.019

De Rezende, J. M. (1998). *Epidemia, endemia, pandemia, epidemiologia*. Revista de Patologia Tropica, 27(1). doi.org/10.5216/rpt.v27i1.17199

Esparza, J. (2016). *Epidemias y pandemias virales emergentes: ¿cuál será la próxima?* Investigación clínica, 57(3), 231-235.

John of Ephesus. (1923–25). *Lives of the Eastern Saints*. Ed. and trans. Brooks, E., W. Paris: Firmin-Didot.

John of Ephesus. (1889). *Historiae ecclesiasticae fragmenta*. Trans. Van Douwen, W. J. & Land, J. P. N. *Joannis episcopi Ephesi Syri monophysitae . . . fragmenta*. Verhandelingen der koninklijke Akademie der wetenschappen, Afdeeling Letterkunde, 18.2.

Keys, D. (1999). *Catastrophe. An Investigation into the Origins of the Modern World*. London: Century.

Ковачева, Л. (2019). *Куга у антици и византији и њена перцепција у македонским народним предањима*. Зборник од 17 ти Меѓународен Симпозиум за Византологија, Ниш и Византија XVII. Ниш.

Ковачева, Л. (2025). *Пандемиите на чума и сифилис во античкиот и средновековниот религиозен дискурс.* Скопје: Пропоинт.

Kreuger, Ed. P., Mommsen, T., Schoell, R. & Kroll, G. (1880) *CIC- Corpus Iuris Civilis*. 3 vols. Berlin.

Little, K. L. (2007). *Plague and the end of antiquity. The Pandemic of 541-750*. Cambridge: Cambridge University Press.

Morony, M. G. (2007). '*For Whom Does the Writer Write?'The First Bubonic Plague Pandemic According to Syriac Sources*. Cambridge: Cambridge University Press.

Петрушевски, М. Д. (1982). *Илијада*. Препев, предговор, увод и објасненија. Скопје: Македонска книга.

Procopius. *De bello persico*. Dewing, H. B. tr. (1914–40). 7 volumes, London.

Sarris, P. (2002). *The Justinianic plague: origins and effects. Continuity and Ch*ange 17 (2), 169–182. United Kingdom: Cambridge Unversity Press.

Sefton, A. M. (2001). *The Great Pox that was...syphilis*. Journal of Applied Microbiology; 91, 592-596.

Seibel, V. (1857). *Die grosse Pest zur Zeit Justinians I.* und die ihr voraus und zur Seite gehenden ungew¨ohnlichen Natur-Ereignisse. Dillingen.

Frith, J. (2012). *The History of Plague – Part 1. The Three Great Pandemics.* Journal of Military and Veterans' Health, Volume 20, Number 2.

http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2015/08/Bakteriski-bolesto-vo-topli-klimat-uslovi.pdf

http://emergency.cdc.gov/agent/agentlist-category.asp

CDC - Center for Disease Control and Prevention https://www.cdc.gov/plague/history/index.html

CDC - Center for Disease Control and Prevention https://www.cdc.gov/plague/history/index.html

Constantin, G. B. & Căluian, I. (2021) *The Justinianic Plague's Origins and Consequences, Asian Journal of Medicine and Health,* 19(1): 45-47; Article no.AJMAH.65777, ISSN: 2456-8414

Wilkinson, R. H. (2003). *The Complet God and Goddess of Ancient Egypt*. London: Thames & Hudson.